# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗАМП во 2014 година

**Почитувани,**

Во извештајот за работата на Здружението за заштита на авторски музички права - ЗАМП опфатени се сите активности кои се случуваа во календарската 2014 година.

## 1.Активности поврзани согласно измените и дополнувањата на ЗАПСП, како и активности поврзани со одредби од Статутот на ЗАМП

Согласно чл.135-а од Законот за авторското право и сродните права (Сл.весник на РМ бр.115/10, 140/10, 51/11 и 147/13), од страната на ЗАМП обезбеден е **систем за електронска евиденција** за евидентирање на авторски музички дела кај радиодифузните организации.

На ден 12.03.2014 година во просториите на ЗАМП во присуство на министерката за култура г-ѓа Елизабета Канческа-Милевска, министерот за информатичко општество и администрација на Владата на РМ г-н Иво Ивановски, претставници од Министерството за култура и автори-членови на органите на управување на ЗАМП, извршена е презентација на Системот за електронска евиденција заради електронско евидентирање, обработка на податоци, следење и контрола на емитуваните авторски дела кој согласно чл.135-а од ЗАПСП (Сл.весник на РМ бр.115/10, 140/10, 51/11 и 147/13), треба да се инсталира кај радиодифузните организации во РМ.

На 17.07.2014година до Министерството за Култура на Република Македонија, доставено е барањето за добивање на Дозвола на системот за електронска евиденција.

Собранието на ЗАМП на одржаната седница на 23.09.2014 година донесе нов Правилник за распределба на авторските надоместоци и истиот согласно чл.144 од ЗАПСП го објави во Сл. весник на РМ бр.141/14.

Потпишани се првите договори со дигиталните сервиси Google Play и Google VOD, а се преговара и со YOUTUBE, SPOTIFY, DEEZER и др.

Побарано е мислење на 27.11.2014година од Министерството за култура на РМ и Министерството за финансии за ослободување на авторите од плаќање на придонеси согласно Законот за задолжително социјално осигурување.

На 13.12.2014година во Театар Комедија во Скопје, согласно чл.16 од Статутот на ЗАМП, свикана е и одржана е седница на автори на која беа предложени, утврдени и избрани со тајно гласање членови на новиот состав на Собранието и Надзорниот одбор (**објавени на интернет стрната на ЗАМП www. zamp.com.mk**). Мандатот на новоизбраните членови започнува од 31.05.2015година, по истекот на мандатот на сегашниот состав на Собранието и Надзорниот одбор кој е до 30.05.2015година.

На 12.01.2015година во ЗАМП е доставено Решението за давање на дозвола за употреба на системот за електронска евиденција од страна на Министерсвото за култура, со што може да се започне со постапката за инсталирање на софтверот, согласно одредбите од ЗАПСП.

## 2. Распределба на наплатата - финансов сектор

Вкупната наплата во календарската 2014 година изнесува **135.520.265,00 денари** што во однос на 2013 година претставува зголемување **од 48.515.898,00 денари** или зголемување од **55,70 %**.



Наплатата по категории на наплата во 2014 год. во споредба со 2013 год. изнесува како што следи:

| **Ред. бр.** | КАТЕГОРИИ НА НАПЛАТА | **НАПЛАТА во 2013 год.** | **НАПЛАТА во 2014 год.** |
|---|---|---|---|
| 1 | КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА | 219.957,00 | 276.150,00 |
| 2 | КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА | 3.578.242,00 | 3.845.846,00 |
| 3 | ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ | 11.164.662,00 | 8.869.007,00 |
| 4 | ЖИВА МУЗИКА | 400.203,00 | 259.870,00 |
| 5 | АПАРАТИ ЗА МЕХАНИЧКА МУЗИКА | 8.590.717,00 | 10.854.972,00 |
| 6 | РАДИОДИФУЗНИ РАДИО И ТВ СТАНИЦИ | 14.522.197,00 | 15.216.602,00 |
| | **ВКУПНО (1-6):** | **38.475.978,00** | **39.322.447,00** |
| 7 | МРТВ | 5.591.548,00 | 5.950.494,00 |
| | **ВКУПНО (1-7):** | **44.067.526,00** | **45.272.941,00** |
| 8 | МЕХАНИЧКА РЕПРОДУКЦИЈА | 62.575,00 | 4.000,00 |
| | **ВКУПНО (1-8):** | **44.130.101,00** | **45.276.941,00** |
| 9 | КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-ПО ДОГОВОРИ | 22.835.245,00 | 45.485.155,00 |
| 10 | КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-ПО ПРАВИЛНИК | 20.039.021,00 | 44.758.169,00 |
| | **СЕ ВКУПНО (1-10):** | **87.004.367,00** | **135.520.265,00** |




Во календарската 2014 година наплата по категории на наплата од 1- 6 изнесува **39.322.447,00 денари** што во однос на 2013 година претставува зголемување од **846.469 денари** или зголемување во процентуален износ од **2,2%.**




Наплатата во категоријата 6 - трговски радиодифузни друштва износува **15.216.602,00 денари**.




Во 2014 година наплатени се **5.950.494,00 денари** од МРТВ .




Согласно на горе кажаното вкупната наплата во категориите од 1-7 изнесува **45.272.941,00 денари** што во однос на минатогодишната наплата во класите од 1-7 преставува зголемување од **1. 205.415,00 денари** или изразено во процентуален износ од **2.735 %.**

Кај кабелските оператори во 2014 година наплатени се **90.243.324,00 денари** што во однос на 2013 година на наплата од **42.874.256,00 денари** преставува зголемување од **47.369.058,00 денари** или зголемување во процентуален износ од **110,48%**. Ваквото зголемување се должи на наплатени побарувања од повеќе кабелски оператори а против кои се водеа судски постапки за изминатите **2011, 2012 и 2013 година.**




Од наплата од реден број 1-6 во износ од **39.322.447,00 денари** е пресметан делот што по тој основ им припаѓа на авторите од **85 %**, во вкупен износ од **33.424.080,00 денари**. Овој износ се зголемува со делот што по овој основ им припаѓа на авторите од МРТВ во износ од **5.057.920,00 денари.** Овој фонд се зголемува и со наплатата од механичката репродукција 85% во износ од **3.400,00 денари**, приходи од кабелски оператори со издвоени **22%** CISAC-ови права согласно потпишаниот сервисен договор - ЗАМП и иматели на права како и наплата согласно Правилникот со Тарифа за користење авторски музички дела, во износ од **49.175.038,00 денари**, паричните средства вратени во 2014 година по завршување на постапките во износ од **3.500.200,00 денари** и

приходи од камати на орочени денарски авторски средства за 2014 год. во износ од **2.662.896,00 денари, како и приходи од кабелско реемитување на македонски ТВ канали во странство во износ од 114.369,00 денари** со што вкупната маса на парични средства за распределба за репартиционата 2014 година изнесува **93.937.903,00 денари.**

Масата за распределба за репартиционата 2014 година по одбиените трошоци согласно одлуките на органите на управување по сите основи (инвестициони вложувања, трошоците за водење на суски постапки - судски такси за започнати судски предмети, трошоци за ЦР, извршители, нотари, ваштачења, исплата на приговорите по репартиционата 2013 год. и др.) изнесува **88.352.787,00 денари** што во однос на 2013 година на износ од **58.713.079,00 денари** преставува зголемување од **29.639.708,00 денари** или изразено во проценти зголемување од **50,48%.**




Согласно склучените билатерални договори со странските авторски друштва, ЗАМП има добиено парични средства во износ од **1.842.527,00 денари** од : АКМ-Австрија, APRA-Австралија, ARTISJUS-Унгарија, BMI-САД, BUMA-Холандија, GEMA-Германија, HDS ZAMP-Хрватска, JASRAC-Јапонија, IMRO–Ирска, PAM–Црна Гора, PRS-Велика Британија, SAZAS-Словенија, SGAE-Шпанија, SOCAN-Канада, SOKOJ-Србија, SOZA-Словачка, STIM-Шведска, SUISA-Швајцарија, TEOSTO-Финска и TONO-Норвешка, а исплатени се према сродните авторски друштва износ од **18.426.881,00 денари.**



Согласно сервисните договори **ГЛА и Лиценцниот договор** за кабелско реемитување во 2014 година исплатени се обврските за претходни години према имателите на правата **AGICOA, членките на EBU и VG MEDIA** во износ од **19.971.111,00 денари**.

### 3. Сектор за перцепција

ЗАМП, Согласно ЗАПСП надоместоците за користење на делата првенствено ги утврдува со договори со соодветни здруженија на корисници, односно нивните комори кои преставуваат мнозинство на корисници од определена дејност или збир на дејности.

Доколку авторскиот надоместок не може да се определи со договор со корисниците, тој се пресметува согласно Правилник со Тарифа за користење на авторски музички дела. Правилникот со Тарифа ги определува условите под кои корисниците (правни или физички лица) може да соопштуваат, односно објавуваат музички дела што ги штити ЗАМП на територијата на РМ.

Службата за Перцепција **издава Дозволи на корисници** (концертна, танцова, интерпретаторска) кои имаат склучено договор за вршење дејност од областа на културата во врска со колективното управување на авторското музичко право.

Против голем број корисници согласно обезбедените докази поднесени се **207 Предлози за донесување решение со кое дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа** до овластени Нотари во РМ, а согласно на подрачјето и надлежностите на Апелационите судовии во РМ, и тоа:

- На подрачјето на **Апелациониот суд во Битола** има 7 предмети (тука спаѓаат предмети од ОС од Битола, Охрид, Струга, Ресен, Прилеп, Македонски Брод, Крушево и Кичево),

- На подрачјето на **Апелациониот суд во Штип** има 31 предмети тука спаѓаат предмети од ОС од Штип, Кочани, Виница, Берово, Делчево, и Мак.Каменица.

- На подрачјето на **Апелациониот суд во Скопје** има 103 предмети.

- На подрачјето на **Апелациониот суд во Гостивар** има 66 предмети.

Во тековното работење ЗАМП се соочува со неисполнување на обврските од страна на определен број на корисници, кои и покрај нашите опомени за неисплатени обврски кои им се доставуваат по неколку пати, покажаа крајна непослушност, па согласно на тоа бевме принудени авторскиот надоместок да го побаруваме во судски постапки. Во 2014 година се поднесени се **Предлози за донесување решение со кое дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа** до овластени нотари за корисници кои ги немаат измирено обврските и тоа : организатори на концертна дејност , кабелски оператори, Трговски радиодифузни друштва ( радиа и телевизии), угостителски објекти ( Хотели, ресторани, пицерии, слаткарници и кафе-барови). На име судски такси, Централен рагистер на РМ, адвокати, нотари, вештачења и извршители потрошени се 4**.350.557,00 денари од кои еден дел од тие паричните средства се вратени во 2014 година по завршување на постапките во износ од 3.500.200,00 денари.**

## 4. Сектор за Репартиција

Во 2014 година во секторот за Репартиција беа извршени активности кои можат да се групираат на тековни работи и на активности кои беа превземени со цел да се продолжи со трендот на унапредување на работата во секторот .

Во првата половина од 2014 година интензивно се работеше на внесот на изведените програми доставени од корисниците , се ажурираше базата на податоци и се направија неопходните измени во скриптовите.

Во март 2014 година беше извршена пресметката за репартиционата 2013 година во која беа опфатени 2091 автори. Во редовната пресметка беше вкалкулирана и репартицијата за изведбите на авторските дела во рамките на концертната дејност , а воедно и пресметката по основ на ринг-тонови, полифони мелодии од корисникот "ONE" и "ВИП Оператор". На 28.03.2014 година беше реализирана исплатата на годишните авторски хонорари за домашните автори .

Во периодот по првиот квартал на 2014 година се работеше на внесот на странските дела изведувани на територијата на република Македонија во 2013 година за кои биле изрегулирани авторските права. Во септември 2014 година беше направена пресметка за странските дела изведувани на територијата на република Македонија во 2013 година и за кои биле изрегулирани авторските права, по што беше реализирана и исплатата кон странските здруженија со што ЗАМП ја реализираше обврската која ја има кон странските здруженија со кои има склучено билатерални договори .

Во тековната година беше направена и пресметка за домашните автори чии дела биле изведени во странство и за чии изведби биле регулирани авторските права. Во ноември 2014година беа реализирани исплатите од следните авторски здруженија : AKM-Австрија, APRA-Австралија, ARTISJUS-Унгарија, BMI-САД, BUMA-Холандија, GEMA-Германија, HDS ZAMP-Хрватска, JASRAC-Јапонија, IMRO – Ирска, PAM–Црна Гора, PRS-Велика Британија,SAZAS-Словенија, SGAE-Шпанија, SOCAN-Канада, SOKOJ-Србија, SOZA- Словачка, STIM-Шведска,SUISA-Швајцарија TEOSTO-Финска и TONO-Норвешка.

Во текот на целата година се работеше на ажурирање, дополнување и збогатување на содржините на веб страницата на ЗАМП.

## 5. Сектор за документација и меѓународна соработка

Основна цел на Секторот за документација е да ги ажурира податоците на авторите и носителите на авторските права, како што се личните податоци и податоци за нивните дела. Така, во текот на 2014 година Секторот за документација регистрираше 82 нови автори и носители на авторски права, кои потпишале договори, односно пристапиле кон ЗАМП.

Во текот на 2014 примени и евидентирани се 2734 пријави на дела.

Мора да напоменеме дека голем дел од авторите, чии дела се изведуваат, како во Македонија, така и во странство доставуваат податоци за тоа каде и кога е изведено делото. Секојдневната комуникација со нашите автори, како и со сестринските авторски друштва, во секој случај допринесува во зголемување на авторските хонорари кои ги добиваме од сродните авторски друштва, со кои ЗАМП има потпишано билатерални договори.

Бројката на потпишани договори за мали права е 53, а за механички права е 16.

Јубилејната Десета Регионална средба беше одржана во Загреб на 10.03.2014 година. На средбата се работеше по следниот Дневен ред:

1. Европската директива за колективно остварување на авторските и сродните права и мултитериторијалното лиценцирање на интернет
2. Дигиталните сервиси и презентација на Google
3. Размена на информациии за актуелните ситуации во друштвата во регионот.

ЗАМП беше домаќин на следната Регионална средба, која се одржа во Скопје на 14.10.2014 година. Главен акцент на средбата беше даден на Договорите со Дигиталните сервиси, како и практичната примена.

Европскиот Комитет на друштвата, членки на CISAC оваа година се одржа во Виена (Австрија) на 29 и 30 Април. Учество земаа 95 претставници од 60 друштва во Европа, како и претставници на CISAC, BIEM, GESAC,WIPO, IFPI и соработници на друштвата.

Претставници од 36 друштва од 23 земји од Централна и Источна Европа се состанаа во Будимпешта на 02 и 03 декември 2014, на годишниот семинар посветен на лиценцирање и наплата на авторските права во рамките на Комуникациските вештини. Семинарот организиран од страна на CISAC/BIEM Европската регионална канцеларија во Будимпешта, им понуди на учесниците можност да ги споделат своите искуства и да добијат информации за различните пристапи кон оваа материја.

**ЗАМП**

**Директор**
**Зоран Васковски**